Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 12.11.2023

На 11.11.2023 во 22.20 часот во Гостивар од полициски службеници од СВР Тетово е лишен од слобода Т.И.(19) од Р.Турција затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2023 во 03.40 часот на паркинг пред казино на пат кон с. Фалише, тетовско, од полициски службеници од СВР Тетово се лишени од слобода З.О.(42) од Тетово и Р.М.(38) од с. Долно Палчиште, тетовско затоа што кај нив била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2023 во 22.30 часот во Прилеп од полициски службеници е лишен од слобода Р.Р.(51) од Прилеп затоа што кај него биле пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2023 во 09.00 часот во Полициска станица Аеродром К.Б.(83) од Скопје пријавил дека на кејот на река Вардар, на подрачје на Аеродром, бил каснат од куче скитник.

На 11.11.2023 во 11.20 часот во Полициска станица Аеродром А.М.Р.Ј.(46) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Комаров" била нападната од куче скитник.

На 11.11.2023 во 23.10 часот на подрачје на Центар во Скопје од полициски службеници е лишен од слобода А.З.(25) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2023 во 02.15 часот на подрачје на Центар во Скопје од полициски службеници е лишен од слобода П.Р.(23) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2023 околу 00.15 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес е лишен од слобода М.М.(29) од Велес затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Околу 00.15 часот на ул. „Вардарска" во Велес полициски службеници од СВР Велес запреле патничко возило „пасат" со велешки регистерски ознаки, а М.М. , кој седел на совозачкото место, се обидел да избега, но бил спречен од полициски службеници, при што бил испукан и еден предупредувачки куршум во воздух. Исто така, во ПС Велес извршен е службен разговор и со А.Н. (36) од Велес, кој го управувал возилото. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (11/12.11.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 48 возачи.Од нив 34 на територија на Прилеп, по 5 во Битола и Македонски Брод, 2 Ресен и по еден во Демир Хисар и Крушево. За време на контролата биле санкционирани и 48 други видови прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (11.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот.На територија на град Скопје изречени се вкупно 249 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 61 санкција, 16 мерка за возење без возачка дозвола, три санкции за возачи почетници.Изречени се 13 мерки за користење мобилен телефон при возење, 20 санкции за некористење сигуросен појас, 11 санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), 17 санкции за возење под дејство на алкохол...

На 11.11.2023 во 12.30 часот во Полициска станица Куманово Е.Т.(31) од Куманово пријавила дека на ул. „Климент Охридски" во Куманово била каснат од куче скитник.

На 11.11.2023 во 17,30 часот во Полициска станица Гевгелија Р.К.(41) од Гевгелија пријавил дека на ул.„Илија Миов" во Гевгелија бил каснат од куче сопственост на С.П и Р.П..

На 12.11.2023 во 02.30 часот, во ноќен клуб во Охрид, од страна на полициски службеници приведен е М.И.(34) од Битола. Полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога кај М.И. пронашле кокаин. По целосно документирање на настанот, против М.И. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.11.2023 во 15.45 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово, по претходно издадена судска наредба од Основен суд Тетово за спроведување воспитна мерка во поправен дом Тетово, бил приведен 16 годишен малолетник од Тетово кој бил баран поради негова инволвираност во повеќе кривични дела. Лицето е спроведено во Воспитно- поправен дом Тетово за понатамошна постапка.

На 12.11.2023 во 01.30 часот во близина на угостителски објект во с.Зубовце, гостиварско од полициски службеници од СВР Тетово е приведен С.С.(36) од с. Пирок затоа што при извршен преглед на патничко моторно возило „ѕип" со тетовски регистарски ознаки, управувано од пријавениот, е пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2023 во 16.50 часот во СВР Тетово од вработен во казино во Гостивар е пријавено дека во казиното дошле две лица кои размениле фалсификувани долари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2023 во 17.15 часот во Куманово од полициски службеници од СВР Куманово е лишен од слобода Е.Г.(29) од Куманово и од него е одземен пиштол, затоа што, според пријавеното на семејна веселба на 11.11.2023 во с. Черкези, кумановско од пиштол испукал неколку куршуми, при што го повредил Е.М.(25) од Куманово. За настанот е известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2023 во 00.32 часот во Полициска станица Куманово е пријавено дека пред угостителски објект во Куманово, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Н.Ј.(35) и К.Б.(21), двајцата од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2023 во 02.00 часот при акциска контрола во угостителки објект во с.Зубовско поле, во близина на автопатот Тетово – Гостивар, од страна на полициски службеници од СВР Тетово се приведени Т.П.(30), М.Б.(35) двете од Р.Србија, А.Б.(50), Н.М.(49) двете од Р.Албанија и В.Р.(41) од Р.Косово, поради постоење основано сомнение дека истите го злоупотребиле туристичкиот престој. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2023 во 00.50 часот во Гостивар од полициски службеници од СВР Тетово е лишена од слобода А.Б.(22) од Тетово затоа што го нарушила јавниот ред и мир. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2023 од страна на полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на присуство на малолетници во угостителски објекти после 24 часот на подрачје на Битола. При контролата легитимирани биле 200 лица во угостителски објекти на подрачјето, при што во угостителски објект во Битола затекнато е едно малолетно лице после 24 часот и констатиран прекршок по чл.31 од Законот за оружје, каде при извршен преглед кај Н.М.(25) од Битола пронајден е нож. Во времето од 02.00 до 03.00 часот, криминалистичката полиција во содејство со Државен пазарен инспекторат и Управа за јавни приходи, при извршена акциска контрола во ноќен клуб во Битола изврши прегледи врз 63 лица. Констатирани се неправилности за кои ќе се поднесат соодветни поднесоци против прекршителите.

На 11.11.2023 во 23.15 часот во Полициска станица Кисела Вода 49-годишна жена пријавила дека истиот ден добила повик од нејзиниот малолетен внук дека е физички нападнат од неговата тетка. Преземени се соодветни мерки од страна на интервентен тим од ЈУ МЦСР Скопје и од Единицата за насилен криминал- Одделение за семејно насилство. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.11.2023 во 02,00 часот во Полициска станица Аеродром 27-годишна жена од Штип пријавила дека околу 01,20 часот под Железничка станица Скопје, по претходно недоразбирање, била физички нападната во такси возило „рено" со скопски регистарски ознаки од страна на такси возач А.М. (26) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.11.2023 во 01,22 часот во Полициска станица Штип било пријавено дека околу 01,00 часот на ул. „Партизанска" во Штип се запалило патничко моторно возило „фиат пунто" со штипски регистарски таблички, управувано од С.С.(26) од Штип, при што бил опожарен предниот дел на возилото (моторот). Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Штип.

На 11.11.2023 околу 21,25 часот во Полициска канцеларија Пехчево е пријавено дека во угостителски објект во Пехчево по претходна расправија е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.К.(24) и С.Р. (35), двајцата од Пехчево. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.11.2023 околу 20.30 часот додека полициски службеник се движел со службено возило „дачиа дастер", сопственост на МВР, по локалниот пат од с. Долно Блаце кон граничниот премин „Блаце" неколку лица од кои претходно биле одземени криумчарени производи, се обиделе да му го блокираат патот, а М.Б. со тврд предмет го оштетил возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2023 во 20 часот во Полициска станица Драчево М.М.(32) од Скопје пријавила дека околу 19,40 часот на подрачје на Драчево нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.11.2023 околу 13 часот, во СВР Охрид повикани се А.Т. и К.С. двајцата од Охрид. Тие, се сомничат дека заедно со уште едно лице од Охрид, во 02 часот, на паркинг простор пред ноќен клуб лоциран на булеварот „Железничка" во Охрид, физички ја нападнале Б.Ј.(28), а потоа и Д.Ј.(34), двајцата од Охрид. Тие, според пријавата од Итната медицинска помош Охрид, добиена во СВР Охрид во 05.30 часот, побарале помош во службата за Итната медицинска помош во Охрид а потоа, биле пренесени во Општата болница каде, кај Д.Ј. биле констатирани тешки телесни повреди. Околу 10.30 часот во СВР Охрид, Б.Ј. и лично го пријави настанот. Известен е јавен обвинител и по целосно расчистување и документирање на настанот, против напаѓачите ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет